27. 4 РОДОТ ЌУЛАВКОВИ ОД ПАПРАДИШТЕ ВЕЛЕС

Селото Папрадиште е сместено на падините на планината Јакупица и се наоѓа под врвот Чеплес и Солунска Глава и во близина тече реката Бабуна. Куќите во селото се сместени амфитетарално односно како потковица на јужната страна на Јакупица. Куќите се типичен македонски односно мијачки стил и архитектура. Селото е на над 1000 метри надморска висина и богато е со даб, бука, зимзелени и други дрва.

Селото Папрадиште е на околу 5 километри северно од Богомила, која е општински центар. Патот од Богомила до средсело на Папрадиште е асвалтиран, а асвалтен пат има и до соседните села Нежилово и Орешје. Интересно е да се напомене дека во реонот наречен Азот-Велешко има повеќе села кои имаат мијачко потекло, при што, Папрадиште, Орешје и други се мијачки села, додека Нежилово и Богомила се брсјачки села.

Кон крајот на 17 век од повеќе села од мијачкиот крај ( Галичник, Лазарополе, Гари, Могорче и др. ) се доселуваат сточарски фамилии на повеќе места на планината Бабуна каде имало изобилство од вода, пасишта и шуми. Така, дошле повеќе фамилии и во местото на денешното село Папрадиште. Името на селото е многу препознатливо и вистинито, бидејќи, навистина во околината на селото има многу папрат.



(фото:Митко Спироски, Папрадиште,Славица Спироска, во родното село на татко и Васил Ќулавковски )
( photo: Mitko Spiroski, Papradishte,Slavica Spiroska, in the birthplace of her father Vasil Kulavkovski )

Во селото има црква Св. Петар и Павле и секоја година на 12 јули на Петровден се собираат луѓето, при што доаѓаат и гурбетчиите и мајсторите кои биле насекеде на Македонскиот полуостров.

Папрадиште е многу познато и прославено село, а заслуга за тоа имаат многу знаменити лица, кои носат потекло од ова село. Така, познати се лицата и фамилиите Андреја Дамјанов Папрадишки, Димитрија и Наце Чуповски, Димо Николов Ќулавковски, Павле Јованов Ќулавковски, Андреја Дамјанов Рензоски, Никола Калински, Васил Ќулавковски, Васил Мечкаровски, Миле Поп Јорданов, Ѓорѓија Зографски, академик Данчо Зографски, академик Катица Ќулавкова, Петре Георгиев Василковски и многу други лица.

Ангел Ќулавковски од родот Ќулафкови, кој е брат на Васил Ќулавковски, татко на мојата сопруга Славица, има напишано Монографија за селото Папрадиште 2005 година во издание на Вардарски Глас од Велес, во која многу детално се напишани податоци за минатото, обичаите, традицијата, родовите и познатите лица кои имаат потекло од Папрадиште ( Извор: Ред.бр. 67).



( Папрадиште, Невена Ќулавкова со ќерката Славица, зетот Митко и внукот Огнен Спироски и Лујза Бајдева со мажот Звонко и ќерката )
( Papradishte, Nevena Kulavkova with her daughter Slavica, son-in-law Mitko and nephew Ognen Spiroski and Lujza Bajdeva with her husband Zvonko and daughter)

Јас, Митко Спироски роднински сум поврзан со Папрадиште преку родот Ќулавкови од кој потекнува мојот дедо Васил Андреев Ќулавковски кој е роден во Папрадиште, а преселен во Велес. Васил е татко на мојата жена Славица. Во оваа книга изготвив Преглед на родот Ќулафкови од Папрадиште во Табелата бр. 24. Васил Ќулавковски е евидентиран на ред. бр. 10, во Табелата бр. 24 во Прегледот на родот Ќулафкови од Папрадиште на крајот од оваа книга. Ќерката на Васил по име

Славица, инаку моја жена, е евидентирана на ред. бр. 26 во Табелата бр. 24 во Прегледот на родот Ќулафкови. Во Прегледот бр. 24 на родот Пецови обработив вкупно 71 лица, од кои 12 лица се потомци на Васил Ќулавковски, од кои 9 потомци од второит и 3 потомци од првиот брак ( Извор: Табела бр. 24 ).

Со селото Папрадиште и родот Ќулавкови сум поврзан преку Васил Андреев Ќулавковски (ред. бр. 10), кој е роден во Папрадиште во 1917 година, а почина во 1993 година. Васил, таткото на мојата сопруга Славица, со која стапивме во брак во 1981 година.



(фото: Митко Спироски, Папрадиште,Црква Св. Петар и Павле, декември,2006 год. родното село на Димитрија Чуповски )
(Photo: Mitko Spiroski, Papradishte, Sv. Petar and Pavle,December,2006, Dimitrija Cupovski's birthplace)

Васил Ќулавковски од Папрадиште е женет за Невена Пецова од Подлес и ова му е втор брак.

Во бракот Васил со Невена имаат три ќерки: Славица, Даница и Катица. Славица ( ред.бр.24) е најмала, а родена е 1953 година во Велес. Васил и Невена имаат шест внучиња од кои четири внуки ( Искра, Ана, Невена и Милена ) и два внуци ( Огнен и Васил). Сите три ќерки ( Славица, Катица и Даница ) на Васил и Невена имаат завршено факултет, со факултет се сите шест внуци, а со завршен факултет се е трите зетовци ( Митко, Методија и Емил). Значи, во бракот на Васил и Невена сите 12 лица ( 3 ќерки, 3 зетовци и 6 внуци ) се со факултетско образование.



( Титов Велес, 1981 г. свеченост на сватовите Спироски од Лешок и Ќулавкови од Папрадиште по повод регистрирањето на Митко и Славица)
( Titov Veles, 1981 celebration of the in-laws Spiroski - Lesok and Kulavkovi - Papradishte on the occasion of registration of Mitko and Slavica )

Славица Спироска има завршено економски факултет во Скопје и работи во СОК-Филијала Велес, СОК Филијала Скопје, Македонска книга Скопје, Тетекс Тетово, Тетекс банка Скопје, АТМ Ревизија Скопје и Тим Консалтинг Скопје на раководни места. Славица Спироска постигнува значајни успеси во економскта струка, за што е прогласена во 2000 година за една о 10-те најуспешни жени – менаџери во Македонија организирано од Марели Скопје( извор: ред. бр. 99) , а во јули 2005 година во Женева е добитник на златна медаља како менаџер на ТИМ Конслатинг организирано од страна на Business Initiative Directions од Мадрид, Шпанија ( извор: ред. бр. 100).




( Бизнис Часописот 4 АМ, во која е објавено добивањето медаља во Женева 2005 г. на Тим Консалтинг од менаџерот Славица Спироска)
( Business Magazine 4 AM, where is issued getting a medal in Zeneva 2005 of Team Consulting of the manager Slavica Spiroska)

Даница Јоновска има завршено економски факултет и работи во Комерцијална банка Скопје и Крка фарма Скопје како финансиски раководител. Сопруг на Даница е Методија Јоновски од Претор, кој има завршено филолошки факултет- англиски јазик и работи во Македонското радио, како новинар, во Стопанска банка АД Скопје како уредник на часописот Стопанска Банка и сега работи во сопствената фирма Генерал Импекс Скопје, како преведувач. Татко му на Медодија се вика Киро Јоновски и живее во Претор во Преспа и е долгогодишен успешен новинар од Преспанскиот крај и има напишано повеќе книги (извор: ред. бр. 51). Мојот баџанак, Методија Јоновски е успешно новинарско перо и има напишано и издадено преку фирмата Генерал Импекс Скопје повеќе книги од областа на лингвистиката и економијата ( извор: ред. бр. 65).

Катица Ќулавкова има завршено филолошки факултет во Скопје, докторира во Загреб и работи како професор на Филолошкиот факултет на компаративна книжевност. Катица е член на МАНУ и има напишано голем број на научни, стручни и публицистички книги, а има објавено и повеќе книги на поезија ( извор: ред. бр. 62 и 71).



( Академик Катица Ќулавкова со мајка и Невена и сестрата Славица Спироска )
( Academician Katica Kuljavkova with her mother Nevena and sister Slavica Spiroska)

Во првиот брак Васил е женет со Драга Нацева Штерјоска од Папрадиште, која млада умира и со која имаат една ќерка по име Мара ( ред. бр. 29) од Табелата бр. 26. Мара е мажена со Панче од Велес, кој работи во Официрскиот дом во Велес. Во бракот Панче и Мара имаат ќерка Оливера (ред. бр. 55) и син Миланчо (ред. бр.56). Мара има завршено средно економско училиште и работи во сметководство во Велес пром во Стоковната куќа во Велес. Оливера има зршено стоматолошки факултет, мажена е и живее и работи во Франција, додека Миланчо има завршено средно техничко училиште и не е женет. Од првиот брак на Васил со Драга, има

вкупно 3 лица, од кои само Оливера (ред. бр.55) има завршено факултет, додека другите два потомци се со средно образование.

Инаку, за време на НОБ и револуцијата, Васил Ќулавковски зема активно учество и се спријателува со многу лица од Азот и Велешко. Ова пријателство Васил со фамилијата го прадолжува со неколку фамилии, а посебно со фамилијата на Стоилко Ивановски Планински, првоборец од Ораов Дол, Велешко, со орден херој и Партизанска споменица 1941 год. кој има напишано повеќе книги за виорите на Револуцијата и НОБ меѓу кои и книгата Вечни огнови во 2004 година. ( извор: ред. бр. 109).



( На гости во Лешок, баџанаците Митко и Методија со Јосе и Вера со сопрузите Павле и Лиле, деца од Стоилко Ивановски Планински од Ораов Дол, Велес)
( Na gosti vo Lesok, baxanacite Mitko i Metodija so Jose i Vera so sopruzite Pavle i Lile, deca od Stoilko Ivanovski Planinski od Oraov Dol, Veles)

Фамилијата на Васил Ќулавковски роднински по женска линија е поврзан со родот Зографски кој потекнува од Папрадиште и имаат блиски и пријателски односи со фамилијата (жената Елена и трите деца Сања, Ѓоре и Златко Зографски ) на д-р проф. Данчо Зографски, кој беше професор на Економски факултет во Скопје и член на МАНУ кој има напишано многу научни трудови и книги ( извор: ред. бр. 7 и ред. бр. 73).



( Петте синови на Андре Ќулавковски од Папрадиште: Васил, Ристе, Геле, Вељо и Ѓоре)
(Andre Kulavkovski's five sons - Papradishte: Vasil, Riste, Gele, Veljo and Gore)



(Охрид, август,2009, Славица и Искра сплетоа џемперче и чорапчиња за бебето)
(Ohrid, August,2009, Slavica and Iskra wove jumper and socks for the baby)